Хранливата вредност на протеините на сите јадливи габи не е еднаква и е зависна од релативниот удел на секоја аминокиселина. Според тоа, целта на оваа студија беше да се одреди количеството на поодделните аминокиселини во вкупните протеини, со што ќе се овозможи утврдување вредности на параметри за оценување на хранливата вредност на протеините на јадливите габи и нивно вреднување како протеински намирници. Во ова испитување беа вклучени 15 примероци на самоникнати видови јадливи габи од фамилијата Boletaceae, собрани од различни подрачја на Македонија. По претколонска дериватизација на аминокиселините во кисели хидролизати со фенилизотиоцијанат (PITC) со HPLC метод е определувана содржината на 17 аминокиселини. Триптофанот е определуван со спектрофотометриски метод во базни хидролизати. Хранливата вредност на протеините во испитуваните габи оценета е врз основа на содржината на есенцијалните аминокиселини во однос на истите аминокиселини во предложениот модел од ФАО/СЗО. Во зависност од потеклото и од видот на плодоносните тела на испитуваните примероци јадливи габи, есенцијалните аминокиселини се застапени од 47-75 %. Најчесто најдена лимитирачка аминокиселина е лизинот. Повеќето од испитаните видови јадливи габи од фамилијата Boletaceae имаат висока биолошка вредност, висок индекс на ефикасност и високо место во хемиската скала на протеини. Биолошката вредност на протеините на испитуваните примероци јадливи габи се движи во граница од 51,3 до 78,9 %. Вкупните присутни аминокиселини застапени околу 66,7 % во вкупниот азот на испитуваните примероци, ја наметнуваат потребата од намалена вредност (4,17) на протеински конверзационен фактор за овие видови македонски јадливи габи.

Macedonian pharmaceutical bulletin, **47** (1,2) 27-36 (2001)
ISSN 1409 - 8695
UDC: 615.014.8 : 678.743

Proffesional paper

Parametars for the evaluation of the quality of PVC containers for pharmaceutical preparations

Aneta Dimitrovska[1]*, Liljana Ugrinova[1], Suzana Trajkovic-Jolevska[1], Slavica Tanceva[2]

[1]*Institute of Drug Quality Control, Faculty of Pharmacy, Sts. Cyril and Methodius University, Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Macedonia,* [2]*OHIS A.D., 1000 Skopje, Macedonia*

Received April 2001; accepted March 2002

Abstract

An overview of the parameters for the evaluation of the quality of poly(vinyl chloride) (PVC) containers for pharmaceutical preparations is made. The requirements for the quality of PVC containers regulated by Ph. Eur., DIN and ISO standards differ in the prescribed parameters for physical, chemical and biological examination. Different ranges of tolerance for certain parameters also exist. The comparison of the parameters prescribed for these types of containers in Ph. Eur., DIN and ISO standards is made for a more detailed evaluation of PVC container quality.

Key words: poly(vinyl chloride) containers, pharmaceutical preparations, evaluation of the quality

Introduction

The primary containers used for packing of pharmaceutical preparations should provide a physically, chemically and microbiologically stable, therapeutically effective and non-toxic product within the date of expiry.

The material used for the production of containers for pharmaceutical preparations should comprise one or more polymers, including some additives (lubricants, stabilizators, plastificators, anti-oxidants, colors and pigments, anti-static agents, etc.)

The most widely used polymers include: polyethylene (low and high density), polypropylene, poly(vinyl chloride), poly(ethylene tereftalate) and ethyl-vinyl acetate copolymer (1). The polymer of choice used for the packaging of water solutions for intravenous infusion and packaging for blood and blood elements of human origin, is plastificated poly(vinyl chloride).

Physico-chemical methods and separative techniques are widely used for the evaluation of the quality of pharmaceutical containers (2). Among the spectroscopic methods, infrared spectroscopy is the method of choice for the identification of the components that comprise the contents of the containers in question; ultraviolet spectroscopy for the identification and the quantitative determination of extractive additives that contain conjugated double bonds and aromatic rings; and atomic absorption spectroscopy for the determination of trace metals. Among the separative techniques, thin-layer chromatography is most often used for identification; high-pressure liquid chromatography for the separation of the main polymer of the additives, their identification and determination, and gas chromatography for the determination of some monomers as impurities, for example vinyl chloride (2).

The aim of this study is to determine the quality of PVC containers for pharmaceutical preparations using selected parameters, grouped as physical, chemical and biological tests. An overview and comparison of the parameters prescribed for this type of containers in Ph. Eur., DIN and DIN ISO standards will be carried out for a more detailed assessment of the quality of PVC containers.

* e-mail:aneta.dimitrovska@baba.ff.ukim.edu
tel: 126 024 Fax: 123 054

Experimental

Materials

Poly(vinyl chloride) bags for aqueous solutions for intravenous infusion (500 ml), (sample 1) and sterile containers of plasticised poly(vinyl chloride) for human blood containing an anticoagulative solution (450 ml) (sample 2).

Methods

For the evaluation of the quality of the material in question, physical, chemical and biological studies were conducted according to the steps outlined in:

- Ph. Eur.
- DIN 53 363-15 - Infusion bags and bottles made of plastic (sample 1)
- DIN ISO 3826 - Plastics collapsible containers for humanblood and blood components (sample 2)
- Internal procedures for the determination of the content of a PVC polymer; plastificator and liquid stabilizators, fillers and solid stabilizators and vinyl chloride content.

Preparation of the test solution and blank for the chemical and biological tests was done according to the steps outlined in Ph. Eur. (by autoclavation at 110 ^{0}C for 30 minutes with distilled water and sterile apirogen 0.9 % solution of NaCl for chemical and biological test, respectively).

Results and discussion

Physical tests

The physical tests of the PVC containers include examination of appearance, dimensions, thickness of the walls, resistance to temperature, pressure and sealing, resistance to centrifugation and leakage, stretching, with the goal of evaluating the physical characteristics of the packaging.

The thickness of the wall of the plastic containers should provide the packaging to be non-permeable to gases, moisture and microorganisms, thus ensuring the quality of the pharmaceutical preparation until the expiry date. Permeability for gases, moisture and microorganisms decreases with increased thickness of the wall of the containers. The thinnest plastic packaging should be 0.1 mm. Double this thickness (0.2 mm) decreases the permeability for gasses by 70 %. The manufacturers of different plastic containers for pharmaceutical preparations suggest that the thinnest wall should be 0.3 mm, which would ensure the quality of the plastic containers regarding permeability. However, the walls of the plastic containers should not be abnormally thick because the plastic packaging should posses a certain flexibility that allows easy and complete filling and emptying, ensuring a correct way of administering the medication.

Table 1. Physical tests on PVC containers for aqueous solutions for intravenous infusion

Parameters	Results	Standards and Limits	
	Sample 1	Ph. Eur.	DIN 58 363 - 15
Resistance to temperature, pressure and sealing	complies^{DIN}	/*	- 25 ^{0}C to 50 ^{0}C for 24 hours internal pressure: 20 kPa for 10 min.
Resistance to fall	complies^{DIN}	/*	Fall from 2 m on hard base
Vapor permeability	complies^{DIN}	/*	T = 20 ± 5 ^{0}CRH ≤ 60 % for 21 days Loss in mass is not greater than 5 % for the shelf life of a plastic container
Transparency	complies$^{Ph\ Eur}$	Primary opalescent suspension diluted 1 in 400	Primary opalescent suspension (1 : 100)
Attaching to plastic bag	complies^{DIN}	/*	Part intended for attachment required to stand force from 25 N for 60 min.
Permanence of labeling	complies^{DIN}	/*	The printing on the label remains legible and the label shall not separate from the container after removal from water if plastic container is submerged in water at a temperature 20 ± 1 ^{0}C for 24 hours
Appearance	complies	Internal specification	
Dimensions	complies	Internal specification	
Thickness of wall (mm)	0.35	Internal specification	

n = 6; /* parameter is not prescribed for examination

Table 2. Physical tests on sterile containers of plasticised PVC for human blood containing an anticoagulant solution

Parameters	Results	Standards and Limits	
	Sample 2	Ph. Eur.	DIN ISO 3826
Resistance to centrifugation	complies[Ph Eur]	5000 *g* for 10 min. no leakage perceptible and no permanent distortion occur	5000 *g* for 30 min. T = 4 ^{0}C and T = 37 ^{0}C no leakage perceptible and no permanent distortion occur
Resistance to stretch (%)	3.82[Ph Eur]	20 N	20 N
Leakage	complies[Ph Eur]	Internal pressure: 100 kPa for 10 min.	Internal pressure: 67 kPa for 10 min.
Vapor permeability	complies[Ph Eur]	T = 5 ± 1 ^{0}C RH = 50 ± 5 % for 6 weeks Loss in mass: max 2 %	T = 5 ± 1 ^{0}C RH = 50 ± 5 % for 21 days Loss in mass: max 1 %
Emptying under pressure	complies[Ph Eur]	Internal pressure: 40 kPa The container empties in less than 2 min.	Internal pressure: 40 kPa The container empties in less than 2 min.
Speed of filling	complies[Ph Eur]	Internal pressure: 9.3 kPa The volume of liquid which flows into the container in 8 min. is not less than the nominal capacity of the container	Internal pressure: 9.3 kPa The volume of liquid which flows into the container in 8 min. is not less than the nominal capacity of the container
Resistance to temperature variations	complies[Ph Eur]	T = - 80 ^{0}C for 24 hours T = 50 ^{0}C for 20 min.	T = - 80 ^{0}C for 24 hours T = 50 ^{0}C for 12 hours
Transparency	complies[Ph Eur]	Primary opalescent suspension (1 : 16)	Primary opalescent suspension (1 : 16)
Appearance	complies	Internal specification	
Dimensions	complies	Internal specification	
Thickness of wall (mm)	0.37	Internal specification	

n = 6

The thickness of the wall of the tested PVC bags for water solutions for intravenous infusion and blood and blood products varies within the range of 0.33-0.38 mm, declared by the manufacturer. The tested PVC bags also meet the other physical requirements important for the quality of the containers (Table 1 and 2).

Parameters such as resistance to centrifugation, leakage, empting under pressure, speed of filling are specific for assessment of the quality of the PVC containers for human blood. These PVC bags also meet the requirements for resistance to stretching that is important for the containers' quality. Among the tested containers, there were no examples of tearing or prolonged deformation of the material during the application of a force of 20 N, due to the elastic properties of the plastic containers. A larger percentage of stretching, without tearing or prolonged deformation of the material, implies better elastic properties.

Chemical tests

The identification of the main polymer, poly(vinyl chloride) and the corresponding plastificator for PVC containers, di(2-ethylhexyl) phthalate (DEHP), was done using IR spectroscopy, in comparison with the referent IR spectra (3) and the IR spectra of the standard substances.

After the separation of the plastificator DEHP and PVC (extraction with diethyl ether in an apparatus by Soxlet) in the appropriate PVC packaging, they were re-identified by the IR method, which confirms their presence. A thin layer of the sample in tetrahydrofuran was applied to a NaCl plate and the spectra were recorded in the range from 4000 to 600 cm^{-1}. The resulting IR spectra are shown in Fig. 1.

The results of the chemical tests on investigated PVC bags are given in Table 3 and 4.

The requirements for the quality of the PVC packaging are regulated by Ph. Eur., DIN and ISO standards. In order to make a complete evaluation of the investigated PBC bags' quality, all the parameters prescribed in these standards were included.

The requirements for the physical parameters of plastic bags for water solutions for intravenous infusion, except for its transparency, are not specified by Ph. Eur., unlike the DIN standard, which sets out exact regulations; the confirmation of



Fig. 1. IR spectra of PVC (a) and DEHP (b), standard substances; PVC (c) and DEHP (d) after their separation from sample 1

the presence of impurities such as SO_4^{2-}, NH_4^+, and Cl^-, as part of the chemical tests prescribed for PVC is not prescribed in Ph. Eur. for PVC bags for water solutions for intravenous infusion, whereas such regulations are upheld by the DIN standard. Furthermore, Ph. Eur. does not require tests for the presence of heavy metals in all types of plastic packaging, whereas DIN and DIN ISO standards do require the test for heavy metals represented as Pb^{2+} or their individual determination, for example: Ba, Cr, Cu, Pb, Sn, Cd, and Al for plastic packaging for water solutions for intravenous infusions, and Ba, Pb, Sn and Cd for plastic packaging for blood and blood products. In contrast to Ph. Eur., the DIN standard also requires testing for mechanical impurities in plastic bags for water solutions for intravenous infusions with the exact number and size of the particles.

In addition, the allowed presence of Cl^- as an impurity in PVC packaging for blood and blood products is 0.4 ppm and 4 ppm according to Ph. Eur. and DIN ISO standards respectively.

Table 3. Results of chemical tests on PVC containers for aqueous solutions for intravenous infusion

Parameters	Results	Standards and Limits	
	Sample 1	Ph. Eur.	DIN 58 363 - 15
Appearance of solution clarity/color	complies$^{Ph\ Eur}$	Clear and colorless solution	Clear solution, not more opalescent than reference suspension
Acidity or alkalinity	complies$^{Ph\ Eur}$	max. 0.4 ml 0.01 mol/L NaOH or max. 0.8 ml 0.01 mol/L HCl / 4 % of the nominal capacity of the container	max. 0.8 ml 0.01 mol/L NaOH or max. 0.8 ml 0.01 mol/L HCl / 20 ml
pH (4.0 - 4.5)	5.56$^{DIN\ 13098}$	/*	/*
Mechanical particles	complies$^{DIN\ 58\ 363\ -15}$	/*	Particles ≥ 2 μm: max. 200/ml Particles ≥ 5 μm: max. 20/ml
Absorbance (230 - 360 nm)	0.020 $^{Ph\ Eur}$ (250 nm)	max. 0.200	max. 0.250
Oxidisable substances (mlA - mlSl) 0.002 mol/L $KMnO_4$	0.65 ml $^{Ph\ Eur}$	max. 1.5 ml	max. 3.0 ml
SO_4^{2-}	complies $^{DIN\ 58\ 363-15}$	/*	10 ppm
NH_4^+	complies$^{DIN\ 58\ 363-15}$	/*	0.8 ppm
Cl^-	complies$^{DIN\ 58\ 363-15}$	/*	4 ppm
Residue on evaporation (mg/100 ml)	2.57$^{DIN\ 58363-15}$	/*	5.0
Heavy metals (ppm)	Pb = 0.00 Cd = 0.00 Sn = 0.00 (DIN 58 363-15)	/*	1. Pb^{2+}: 1.6 ppm 2. AAS Ba, Cr, Cu, Pb: 1 ppm Sn, Cd: 0.1 ppm Al: 0.01 ppm

n = 6; /* parameter is not prescribed for examination

The total content of the plastificator DEHP and the liquid stabilizators is determined by gravimetric means, after a 16-hour extraction period with diethyl ether in an apparatus by Soxlet. The content of the PVC polymer is determined gravimetrically after dissolving the residue, obtained from extraction, in cyclohexanon and its precipitation with methanol. The content of the fillers and solid stabilizators are represented by the undissolved part in cyclohexanon, as dry residue.

According to the specifications of Ph. Eur., the content of the PVC polymer in PVC primary containers intended for water solution for intravenous infusions and blood and blood products should be at least 55%. The determined content of the PVC polymer in the samples is above the required minimum, and the necessary elasticity of the PVC bags is obtained by the addition of a plastificator in content of max. 40 %, as specified in Ph. Eur.

The content of extractive di(2-ethylhexyl)phthalate (DEPH), used as a plastificator, is also tested in order to determine the PVC containers' quality. Determination of the content of DEPH extracted from the solvent is accomplished through a calibration graph constructed by the absorbances of the solutions of

Table 4. Results of chemical tests on sterile containers of plasticised PVC for human blood containing an anticoagulant solution

Parameters	Results	Standards and Limits	
	Sample 2	Ph. Eur.	DIN ISO 3826
Appearance of solution	complies[DIN ISO]	/*	Clear solution, not more opalescent than reference suspension II
Volume of anticoagulant solution	complies[Ph Eur]	± 10 % from the stated volume of anticoagulant solution	/*
Spectrophotometric examination of anticoagulant sol. (250 - 350 nm)	0.030[Ph. Eur] (280 nm)	The absorbance at the maximum at 280 nm is not greater than 0.5	/*
Acidity or alkalinity	complies[Ph Eur]	max. 0.4 ml 0.01 mol/L NaOH or max. 0.8 ml 0.01 mol/L HCl / 4 % of the nominal capacity	max. 0.4 ml 0.01 mol/L NaOH or max.0.8 ml 0.01 mol/L HCl / 10 ml sol.
Absorbance 230 - 360 nm	no absorbance[Ph Eur]	max. 0.300 (230 – 250 nm) max. 0.100 (251 – 360 nm)	max. 0.200
Oxidisable substances (mlA - mlSl) 0.002 mol/L $KMnO_4$	0.45 ml [Ph Eur]	max. 2.0 ml/8 % of the nominal capacity of the container	max. 2.0 ml/20 ml sol.
NH_4^+ (ppm)	complies[Ph Eutr]	2 ppm	2 ppm
Cl^- (ppm)	complies[Ph Eutr]	0.4 ppm	4 ppm
Extractable di(2-ethylhexyl)-phthalate (DEHP) mg/100ml	complies [Ph. Eur] (Table 4)	10.0 mg/100 ml (volume: 300 – 500 ml) 13.0 mg/100 ml (volume: 150 – 300 ml) 14.0 mg/100 ml (volume to 150 ml)	10.0 mg/100 ml
Vinyl chloride	complies*	1 ppm	1 ppm
PVC	complies (Table 3)*	min. 55 %	/*
Plasticizers and liquid stabilizers	complies (Table 3)*	max. 40%	/*
Residue on evaporation (mg/100 mg)	0.2[Ph Eur]	max. 3.0 mg/100 ml	max. 3.0 mg/100 ml
Heavy metals (ppm)	Pb = 0.00 Cd = 0.00 Sn = 0.00 (DIN ISO 3826)	/*	AAS Ba, Pb: 1 ppm Sn, Cd: 0.6 ppm
Ash (mg/g)	0.1[DIN ISO 3826]	/*	1 mg/g

n = 6 * - internal procedure;
* - parameter is not prescribed for examination

Table 5. Results of determination of PVC polymer and additives in PCV bags

Sample	PVC polymer (%)	Plastificator* and liquid stabilizators (%)	Fillers and solid stabilizators (%)	Total (%)
1	71.05	28.95	traces	100
2	63.66	36.44	traces	100

*plastificator - di(2-ethylhexyl)phthalate (DEHP)

DEHP, standard substance in the concentration range of 2 to 20 mg/100 ml, at λ=272 nm. The regression line estimated by linear least-squares regression analysis is represented by the equation: y = 0.0271 + 0.0231x, with a correlation coefficient of 0.9994. The content of vinyl chloride in the PVC packaging is determined by the method of gas chromatography (head space), FID detector and S/S column, ¼, 6 m (15% Diethylhexylsebacate /Chromosorb W DMCS, 80/100 mesh). The chromatogram of vinyl chloride, standard substance, and the chromatograms of vinyl chloride (VC) in PVC bags are given in Fig. 2.

The retention time for vinyl chloride, standard substance is approximately 4 minutes. The absence of a peak which corresponds to the retention time of vinyl chloride, standard substance, is noticeable in the chromatograms obtained from samples 1 and 2, implying total polymerization of the vinyl chloride - monomer in the process of production of the tested PVC containers. The concentration of the prepared standard solution of vinyl chloride of 1 ppm, at the same time represents the maximum allowed presence of VC in the PVC packaging, taking into consideration its toxicity and the possibility of its migration into the solution.

Biological tests

The most widely used tests for the biological study of this type of containers are: the pyrogen test, abnormal toxicity, the test for haemolysis and sterility (Ph. Eur.) and permeability of microorganisms (DIN).

The pyrogen test (4) is used to determine the presence of pyrogen substances of non-microbiological origin, most often originating from the packaging material.

The plastic masses are inert and do not show a toxic effect if the polymerization of the polymer is complete. If the final product is not well purified it could contain a substance or an additive which is not chemically bonded to the polymer. The monomers, plastificators, stabilizators, catalysts, fillers and other additives, which are molecules with a small molecular weight, can easily migrate into the solution and display a toxic effect. Toxicity could also be a result of the migration of the glue and the ink used in the printing of the label into the solution. Beside the monomer and the additives, the presence of tin as a form of impurity could also lead to a hemolysis of the erythrocytes (5). Due to these, for the evaluation of plastic packaging quality, the test for abnormal toxicity and the test for hemolysis are also conducted.

Table 6. Content of extractive DEPH, obtained by calibration graph

Sample	Absorbance, λ=272 nm	Concentration (mg/100 ml) (max. 10 mg/100 ml)
1. (bag with capacity of 500 ml)	0.1599	5.76
2. (primary bag with capacity of 400 ml)	0.1506	5.36

A sterility test is prescribed only for sterile bags of plasticised poly(vinyl chloride) for human blood containing an anticoagulant solution (sample 2), following the membrane filtration procedure outlined in Ph. Eur.

The plastic packaging should not be permeable to microorganisms, as a secondary contamination of the product. The permeation of microorganisms is controlled by the appropriate thickness of the walls of the plastic packaging. A thickness of the plastic wall of 0.04 mm, prevents the permeation of microorganisms into the solution. As the walls at the joining points could be thinner, the thickness of the walls of the plastic packaging should be at least 0.1 mm.

A cultivating medium where the samples (PVC bags) were kept during the examination was innoculated with *Bacillus subtilis* varieties Niger NCTC 10073. The cultivating medium in the tested PVC bags stayed clear after the proposed time of incubation, which indicates the impermeability of the plastic packaging to the tested microorganism.

The tested primary containers intended for pharmaceutical preparations is apyrogen, nontoxic, sterile, and does not cause haemolysis to the erythrocytes and it is impermeable to microorganisms.



Fig 2. Chromatograms of determination of vinyl chloride in tested PVC containers and vinyl chloride, standard substance (1 ppm) in N,N dimethylacetamid

Table 7. Results of biological tests on PVC bags

Sample	Pyrogen test Ph Eur	Abnormal toxicity Ph. Eur	Sterility Ph Eur	Permeability to microorganisms DIN ISO	Haemolytic value (%) Ph Eur (max 10%)					
					I cell	control cell I	Δ %	II cell	control cell II	%
1	complies	complies	/*	complies	8.12	17.36	**9.24**	51.42	60.81	**9.39**
2	complies	complies	complies	**/***	8.87	17.36	**8.49**	50.97	60.81	**9.84**

Standards and limits			
DIN 58363 – 15 (Sample 1)	DIN ISO 3826 (Sample 2)	Ph. Eur.	
/*	Containers comply with test for sterility (membrane filtration)	Containers comply with test for sterility (membrane filtration)	Sterility
Haemolytic value not greater than 10 %	Haemolytic value not greater than 10 %	Haemolytic value not greater than 10 %	Haemolytic effects in buffered systems
Complies with test for pyrogens	Complies with test for pyrogens	Complies with test for pyrogens	Pyrogens
Complies with test for abnormal toxicity	Complies with test for abnormal toxicity	Complies with test for abnormal toxicity	Abnormal toxicity
Containers are not permeable to microorganisms	/*	/*	Permeability to microorganisms
Containers do not challenge mutation on cell culture	Containers do not challenge mutation on cell culture	/*	Cytotoxicity

Conclusion

The requirements for PVC container quality are regulated by Ph. Eur., DIN and DIN ISO standards. The specifications should encompass the parameters prescribed in Ph. Eur, DIN and DIN ISO standards for a more detailed evaluation of PVC container quality, and synchronize the allowed ranges of tolerance for certain parameters, as well.

References

1. *European Pharmacopoeia*, 3rd Edition, Council of Europe, Strasbourg, 1997

2. A. Kenneth, L. Herbert and L. Leon, *Pharmaceutical Dosage Form: Parenteral Medications*, Part 10: Use of Plastics for parenteral packaging, 2nd edition, Marcel Dekker, Inc., New York, 1992, pp 393- 433.

3. Hummel/Scholl, *Infrared Analysis of Polymers*, Resins and Additives An Atlas, Wiley-interscience, A Division of John Wiley & Sons, Inc., New York, London, Toronto, 1969.

4. K. Richter, W. D. Grahlow and R. Wigert, *Acta Biol. med. Ger.*, **39**: 2-3, 277-280 (1980).

5. Remington: *The Science and Practice of Pharmacy*, Chapter 85: *Plastic Packaging materials*, 19th edition, MackPublishing company, Easton, Pennsylvania, 1995, pp 1487 - 1493.**Вовед**

Резиме

Параметри за процена на квалитетот на PVC амбалажа наменета за фармацевтски препарати

Анета Димитровска[1], Лилјана Угринова[1], Сузана Трајковиќ-Јолевска[1], Славица Танчева[2]

[1]*Институт за испитување и контрола на лекови, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Водњанска 17, 1000 Скопје, Македонија,* [2]*ОХИС А.Д., 1000 Скопје, Македонија*

Клучни зборови: поли(винил хлорид) амбалажа, фармацевтски препарати, процена на квалитет

Направен е преглед на параметрите за процена на квалитетот на поли(винил хлорид) амбалажа наменета за фармацевтски препарати. Барањата за квалитет на PVC амбалажата пропишани според Ph. Eur., DIN и DIN ISO стандардите се разликуваат во однос на предвидените параметрите за физички, за хемиски и за биолошки испитувања. Исто така, пропишани се и различни граници на дозволено отстапување на одделни параметри. Споредбата на параметрите пропишани според Ph. Eur., DIN и DIN ISO стандардите за овој вид амбалажа е направена со цел да се изврши поцелосна процена на квалитетот на PVC амбалажата.

Македонски фармацевтски билтен, **47** (1,2) 37-42 (2001)
ISSN 1409 - 8695
UDK: 616.153.96(497.7)

Стручен труд

Референтни интервали на Apo A-1, Apo B и соодносот Apo B/Apo A-1 во примерок на македонска популација

Светлана Цековска*, Соња Алабаковска, Катерина Тошеска,
Даница Лабудовиќ, Бојана Тодорова

Институт за медицинска и експериментална биохемија, Скопје
Медицински факултет, 50-та Дивизија бр. 6, Скопје.

Примен октомври 2001, прифатен април 2002

Апстракт

Нарушувањата во серумските концентрации на аполипопротеините А-1 и В (Apo A-1 и Apo B), како и соодносот аполипопротеин Б/аполипопротеин А-1 (Apo B/Apo A-1), се смета дека претставуваат независни ризик фактори за коронарна срцева болест. Се препорачува секоја лабораторија да определи сопствени референтни интервали за серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B, како и за соодносот Apo B/Apo A-1, бидејќи тие зависат од географската локација. За таа цел ги определивме серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B и го пресметавме Apo B/Apo A-1 соодносот кај 122 здрави индивидуи од македонска популација (70 жени и 52 мажи) на возраст од 18-60 години. При определувањето користевме комерцијален, стандардизиран мануелен имунотурбидиметриски тест (Randox).

Измерените концентрации (x ± SD) изнесуваа: Apo A-1 = 1,39 ± 0,28 g/l во женската популација и 1,42 ± 0,27 g/l во машката популација, а Apo B = 0,95 ± 0,24 g/l во женската и 1,00 ± 0,23 g/l во машката популација. Пресметаниот Apo B/Apo A-1 сооднос изнесуваше 0,70 ± 0,17 кај женската популација и 0,72 ± 0,18 кај машката популација. Студентовиот t-тест покажа дека не постои сигнификантна разлика ($p>0,05$) во средните вредности за Apo A-1 и за Apo B, како и за Apo B/Apo A-1 соодносот, меѓу женската и машката подгрупа, односно дека поделбата според полот не е потребна од дијагностичка гледна точка. Концентрациите на Apo A-1 и на Apo B пресметани за мешаната група (H=122) изнесуваа 1,40 ± 0,28 g/L и 0,97 ± 0,23 g/L. Соодносот Apo B/Apo A-1 во целата група изнесуваше 0,71 ± 0,17.

Типот на дистрибуција на вредностите за серумските Apo A-1 и Apo B, како и соодносот Apo B/Apo A-1 беше тестиран преку определување на вредностите на коефициентот на асиметрија (Skewness), на коефициентот на сплоснатост (Kurtosis) и на стандардните девијации на овие два коефициенти. Вредностите на овие коефициенти за сите три параметри покажаа дека дистрибуцијата на вредностите е според Гаусовата (Gauss) крива. Во согласност со нормалната дистрибуција, референтните граници за Apo A-1, за Apo B, како и за Apo B/Apo A-1 соодносот беа определени параметарски (средна аритметичка големина ± 2 стандардни девијации).

Референтните интервали за Apo A-1 изнесуваа 0,84 - 1,96 g/l, 0,51 - 1,43 g/l за Apo B и 0,37 - 1,05 за соодносот Apo B/Apo A-1.

Клучни зборови: Apo A-1, Apo B, соодносот Apo B/Apo A-1, имунотурбидиметриски тест, референтни интервали.

Аполипопротеинот А-1 е носечкиот аполипопротеин во липопротеините со голема густина (high density lipoproteins HDL). Главна улога на аполипопротеинот А-1 е активација на ензимот Lecithin cholesterol acyl transferase (LCAT) и отстранување на слободниот холестерол од екстрахепаталните ткива. Според тоа, Apo A-1 може да се опише како неатероген, покажувајќи инверзна поврзаност со ризикот од коронарна артериска болест. Намалувањето на концентрацијата на Apo A-1 во серумот, секогаш проследено со намалувањето на концентрацијата на HDL- холестеролот, значително го зголемува ризикот за атеросклероза (1).

*Svetlana Cekovska e-mail: scekovska@yahoo.com
tel: 119-164; fax: 230-431

Аполипопротеинот Б е главна протеинска компонента на липопротеините со ниска густина (low density lipoproteins LDL), познати како атерогени липопротеини. Apo B, заедно со Apo E е неопходен за реакцијата на LDL со B/E рецепторите и е вклучен во транспортот на холестеролот до периферијата (крвните садови, периферни ткива). Резултатите од поголем број студии (2,3,4) укажуваат на директната поврзаност меѓу зголемените серумски концентрации на Apo B и коронарната артериска болест.

Резултатите од голем број епидемиолошки и клинички студии (5,6,7) говорат во прилог на тоа дека нарушувањата на серумските концентрации на аполипопротеините, особено Apo A-1 и Apo B подобро корелираат со коронарната артериска болест, отколку другите липидни и липопротеински параметри. Исто така, резултатите од повеќе проспективни студии (4,8,9) укажуваат на значењето на одредувањето на серумските концентрации на Apo A-1 и Apo B, како супериорни маркери за процена на ризикот за развиток на коронарна артериска болест. Според најновите сознанија (4), Apo B е значаен дискриминирачки фактор за предвидување на ризикот за развиток на атеросклерозата кај нормолипидемични индивидуи. Заради тоа, се препорачува анализите на липидите, секогаш кога е тоа индицирано, да се прошират и со определување на серумската концентрацијата на Apo A-1 и на Apo B. Некои автори (10,11) го посочуваат количникот меѓу серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B (Apo A-1/Apo B или Apo B/Apo A-1) како значаен параметар за процена на ризикот од коронарна артериска болест. Во нашето испитување, ние го определувавме соодносот Apo B/Apo A-1, кој многу добро корелира со атерогениот индекс LDL-холестерол/HDL-холестерол.

Постојат поголем број методи за определување на серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B, од кои почесто се користени имунотурбидиметриските, нефелометриските, радиоимуноесејот (RIA) и методот на радијална имунодифузија (RID). Секој од овие методи се карактеризира со различна осетливост и прецизност (12), па според тоа постојат и разлики во вредностите на Apo A-1 и на Apo B, определени со различни методи. Од тие причини, потребно е методот со кој ќе се определуваат серумските концентрации на Apo A-1 и Apo B во една лабораторија да биде стандардизиран.

Резултатите од една студија, наречена SENECA (13) покажаа дека кај возрасните Европејци постои хетерогеност во поглед на референтните вредности на липидните параметри, вклучувајќи ги Apo A-1, Apo B и Apo B/Apo A-1 соодносот, со пониски средни вредности забележани кај општата популација на Португалија, на Шпанија, на Грција и на Италија, во споредба со земјите од северна и одсредна Европа (Норвешка, Данска, Холандија, Франција и Швајцарија). Разлики во серумските концентрации на Apo A-1, на Apo B и на Apo B/Apo A-1 соодносот се забележани и кај општата популација во Америка меѓу белците од европско и од латиноамериканско потекло (14). Поголем број студии (4,15,16) покажуваат дека постојат и разлики меѓу расите, со повисоки вредности за Apo A-1 и пониски вредности за Apo B забележани кај црната раса, односно пониски референтни вредности за Apo A-1 и Apo B кај жолтата раса.

Што се однесува до разликите во однос на полот, се среќаваат различни податоци во различни популации, кај некои се забележуваат разлики меѓу двата пола во однос на серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B, а кај некои не (15,17,18,19,20). Испитувано е, исто така, и влијанието на возраста врз серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B и на Apo B/Apo A-1 соодносот. Резултатите од истражувањата (17,19) покажуваат дека кај возрасните индивидуи од двата пола се забележани незначителни промени во серумската концентрација на Apo A-1 со зголемување на возраста, додека и кај двата пола е утврдена зависност на концентрацијата на Apo B и на Apo B/Apo A-1 соодносот од возраста.

Со оглед на големиот број фактори (пол, возраст, географски разлики), како и изборот на методот, кои можат да влијаат врз референтните вредности, пожелно е секоја лабораторија да определи сопствени граници на референтни вредности.

Цел на нашата студија беше да се определат серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B, како и на Apo B/Apo A-1 соодносот кај здрава популација, да се утврди типот на дистрибуцијата на вредностите преку испитувањето на хипотезата за согласување со Гаусовата дистрибуција и да се определат референтните интервали на испитуваните параметри.

Експериментален дел

Во испитувањето беа опфатени 122 здрави, нормолипидемични испитаници, од кои 70 жени и 52 мажи на возраст од 18 до 60 години. Критериум за нормолипидемичност беа вредностите за вкупен холестерол пониски од 6,5 mmol/l, триглицериди пониски од 2,3 mmol/l и вредности за HDL-холестерол повисоки од 0,9 mmol/,

Табела 1. Серумски концентрации на Apo A-1 и на Apo B (g/L) и на Apo B/Apo A-1 сооднос во женската и во машката подгрупа и во целата група (средна аритметичка големина ± стандардна девијација)

параметар	N	женска подгрупа	N	машка подгрупа	N	заедно
Apo A-1	70	1,39 ± 0,28	52	1,42 ± 0,27	122	1,40 ± 0,28
		t = 0,6; p > 0,05				
Apo B	70	0,95 ± 0,24	52	1,00 ± 0,23	122	0,97 ± 0,23
		t = 1,16; p > 0,.05				
Apo B/A-1 сооднос	70	0,70 ± 0,17	52	0,72 ± 0,18	122	0,71 ± 0,17
		t = 0,6; p > 0,05				

N – број на испитаници; t - Студентов t-тест ; p – сигнификантност на разлики меѓу женската и машката подгрупа

определени според лични искуства во работа со македонската популација.

Како материјал во испитувањето користевме серум, добиен со венепункција по 12-14 часа гладување. Концентрацијата на Apo A-1 и на Apo B беше определувана веднаш или серумските примероци беа чувани најмногу две недели на +4 °C, односно два месеца на - 20 °C, време за кое не настануваат значителни промени во концентрациите на Apo A-1 и на Apo B.

Серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B беа определувани со употреба на комерцијален, стандардизиран мануелен имунотурбидиметриски тест (Randox). Методот се темели на реакцијата на Apo A-1, односно на Apo B со специфични антисеруми, при што доаѓа до формирање нерастворлив комплекс, кој може да се мери турбидиметриски на 340 nm (21). Отчитувањето на апсорбенциите е направено на фотометар „Искра" MA 9510. Концентрациите на Apo A-1 и на Apo B во испитуваните примероци серум беа отчитани од претходно конструирана стандардна крива со употреба на WHO/IFCC стандардизиран калибратор. Заради контрола на точноста паралелно со секоја серија испитувани серуми беше определувана и концентрацијата на Apo A-1 и на Apo B во контролни серуми со точно позната концентрација на испитуваните параметри. прецизноста изразена преку коефициентот на варијација (KV) изнесуваше помалку од 3% за иста серија и помалку од 6% од ден на ден, и за двата параметра.

Статистичката обработка на податоците беше направена со употреба на програмата Statistica for Windows 5.0. Податоците од различните групи беа споредувани со помош на Студентовиот t-тест. Според препораките на IFCC (Интернационална федерација по клиничка хемија), типот на дистрибуција на вредностите на Apo A-1 и на Apo B беше тестиран преку определување на вредностите на коефициентот на асиметрија (Skewnwss, Ks) и на коефициентот на сплоснатост (Kurtosis, Kk) и нивните стандардни девијации. Врз основа на вредностите на овие коефициенти, хипотезата за согласување на типот на дистрибуцијата со Гаусовата дистрибуција се отфрла ако апсолутната вредност на двата или на еден од коефициентите е поголема од нивната стандардна девијација помножена со 2,6 (22).

Резултати и дискусија

Серумските концентрации на аполипопротеините изнесуваа: Apo A-1 ± 1,39 Б 0,28 g/l кај женската подгрупа и 1,42 ± 0,27 кај машката, а Apo B ± 0,95 ± 0,24 g/l кај женската и 1,00 ± 0,23 g/l кај машката подгрупа. Пресметаниот Apo B/Apo A-1 сооднос изнесуваше 0,70 ± 0,17 кај женската подгрупа и 0,72 ± 0,18 кај машката подгрупа. Резултатите се прикажани во Табела 1.

Студентовиот t-тест покажа дека не постои статистички сигнификантна разлика (p>0,05) во средните вредности за Apo A-1 и на Apo B, како и за Apo B/Apo A-1 сооднос, меѓу женската и машката подгрупа, односно дека поделбата според полот не е потребна од дијагностичка гледна точка. Концентрациите на Apo A-1 и на Apo B пресметани за сите испитаници (N=122) изнесуваа 1,40 ± 0,28 g/l и 0,97 ± 0,23 g/l. Сооднос Apo B/Apo A-1 пресметан за целата група изнесуваше 0,71 ± 0,17.

На сл. 1 и 2 се прикажани дистрибуциите на добиените вредности за серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B.

Добиените вредности за коефициентот на асиметрија и за коефициентот на сплоснатост, како и нивните стандардни девијации за Apo A-1 (Ks= 0,34, Ss = 0,22; Kk = - 0,06, Ks = 0,44) доведоа до заклучокот дека дистрибуцијата на вредностите за Apo A-1 е нормална, Гаусовата дистрибуција (Слика 1).

Вредностите за коефициентот на асиметрија и за ко-

ефициентот на сплоснатост за Apo B (Ks = - 0,11, Ss = 0,22; Kk = - 0,90, Ks = 0,44) покажаа дека и дистрибуцијата на вредностите за Apo B е нормална (Слика 2).

Исто така, од добиените вредности за коефициентите (Ks=-0,24, Ss =0,22; Kk = - 0,89, Ks = 0,44) за Apo B/Apo A-1 соодносот може да се заклучи дека и оваа дистрибуција е во согласност со Гаусовата дистрибуција.

Во согласност со нормалната дистрибуција на вредностите за Apo A-1, за Apo B и Apo B/Apo A-1 соодносот референтните граници за овие три параметра беа определени параметарски (средна аритметичка големина ± 2 стандардни девијации).

Референтните интервали изнесуваа:

0,84 - 1,96 g/L за Apo A-1,

0,51 - 1,43 g/L за Apo B,

0,37 - 1,05 за Apo B/Apo A-1 соодносот.

Референтните интервали за овие три параметра не беа стандардизирани според возраста, заради малиот број испитаници во одделни возрасни групи.

Аполипопротеините A-1 и B се наоѓаат во фокусот на поновите истражувања, со оглед на фактот што резултатите од голем број проспективни студии покажаа дека Apo A-1, Apo B и нивниот сооднос Apo B/Apo A-1 се супериорни параметри за процена на ризикот од коронарна артериска болест, во споредба со останатите липидни и липопротеински параметри.

Што се однесува до референтните интервали за Apo A-1 и за Apo B, како и Apo B/Apo A-1 соодносот, во литературата се среќаваат различни податоци, бидејќи тие зависат од географската локација, а разлики постојат исто така и поради различниот број испитаници како и поради разликите во употребениот метод. Резултатите од нашето испитување ние ги споредивме со резултатите од студиите на европската популација (13,17,18,19,20). Нашите резултати делумно се совпаѓаат со резултатите добиени со испитување на шведската популација (17), што се должи на тоа што оваа шведска студија вклучува огромен број испитаници (N=147576). Студијата покажа дека кај шведската популација постои разлика меѓу двата пола за серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B, што ние не ја докажавме. Во поглед на влијанието на возраста врз серумските концентрации на Apo A-1 и на Apo B, резултатите од оваа студија покажаа дека кај возрасни индивидуи концентрацијата на Apo A-1 и кај двата пола незначително се менува со возраста, додека вредностите на



Слика 1. Дистрибуција на вредностите на Apo A-1



Слика 2. Дистрибуција на вредностите на Apo B

Apo B се зголемуваат с□ до возраст од 60 години кај мажите, односно до 70 години кај жените.

Добиените граници на референтни вредности за Apo A-1 и за Apo B во нашето испитување (0,84 - 1,96 g/l за Apo A-1 и 0,51 - 1,43 за Apo B) се слични со оние определени на француска популација (1,04 - 2,24 g/l за Apo A-1 и 0,43 - 1,39 g/l за Apo B), како и со резултатите од испитување на финската популација (19,20). Резултатите од испитувањето на популацијата во Финска, за разлика од нашите, покажаа разлики меѓу мажите и жените во поглед на средните вредности за Apo A-1 и за Apo B.

Што се однесува до референтните вредности за Apo B/ApoA-1 соодносот, во литературата се среќаваат мал број податоци за референтните интервали за овој сооднос (23). Во оваа студија утврдени се средни вредности за Apo B/Apo A-1 соодносот од 0,56 до 0,70. Нашите резултати за средните вредности на Apo B/Apo A-1 соодносот (0,71) се блиски со оние од споменатата студија.

Со оглед на значењето на Apo A-1, Apo B и Apo B/ Apo A-1 соодносот, како супериорни параметри за процена

на ризикот од коронарна артериска болест, одделни поголеми лаборатории во светот, паралелно со определувањето на референтните интервали за овие параметри, ги определиле и т.н. пресечни точки (cut off points), односно концентрациите поврзани со зголемен ризик од коронарна артериска болест (19,23). Така, на пример, Contois и сор. (24), врз основа на испитување на општата популација во Соединетите Американски Држави, ја утврдиле концентрацијата 1,20 g/l како пресечна точка (cut off) за Apo A-1 и Apo B, што значи дека концентрациите на Apo A-1 пониски од 1,20 g/l и концентрациите на Apo B повисоки од 1,20 g/l ќе претставуваат основа за идентификација на лица со зголемен ризик за коронарна артериска болест. Вакви тестирања во наши услови с уште не се правени.

Заклучок

Како заклучок на досега изнесеното, може да се каже дека во нашето испитување определени се референтните интервали за Apo A-1, за Apo B и за Apo B/Apo A-1 сообносот кај здрава македонска популација, со употреба на стандардизиран, мануелен имунотурбидиметриски метод и едноставна апаратура, достапна за секоја лабораторија. Како цел на нашите понатамошни испитувања си поставивме стандардизирање на референтните интервали за овие три параметра според возраста и определување на пресечните точки (cut off points) за овие три параметра што ќе придонесе за подобро толкување на добиените резултати во клиничката практика.

Литература

1. N.J. Wald et al., *Lancet* **343**, 75-79 (1994).
2. M.S. Graziani et al., *Clin. Chem.* **44**, 134-40 (1998).
3. H. Kukita, M. Hamada, K. Hiwada and T. Kokubu, *Atherosclerosis* **55**(2), 143-9 (1985).
4. M. Haidari, M. Moghadam, M. Chinicar, A. Ahmadieh and M. Doosti, *Clin. Biochem*. **34**(2), 149-55 (2001).
5. H. Kukita, K. Hiwada and T. Kokubu, *Atherosclerosis* **51**(2-3), 261-7 (1984).
6. P.P. Jadhav, A.P. Taskar, S.P. Taskar and R.D. Darne, *J. Assoc. physicians. India* **42**, 703-5 (1994).
7. V.K. Bahl, M. Vaswani, D. Thatai and H.S. Wasir, Int. *J. Cardiol*. **46**(2), 143-9 (1994).
8. B. Lamarche et al., *Circulation* **94**, 273-278 (1996).
9. M.J. Stampfer, F.M. Sacks, S. Salvini, W.C. Willett and C.H. Hennekens, *N. Engl. J. Med*. **325**, 373-381 (1991).
10. I.S. Okosun, T.E. Prewitt, Y. Liao and R.S. Cooper, *Int. J. Obes. Relat. Metab. Disord*. **23**(5), 498-504 (1999).
11. S. Vaisanen, J. Gavert, A. Julkunen, E. Voutilainen and I. Penttila, *Int. J. Clin. Lab. Res*. **23**(3), 160-4 (1993).
12. J. Eugui, M.J. Logrono, R. Ruiz, C. Zugaza, J.L. Mirabel and C. Martinez, *Clin. Biochem*. **27**(4), 310-5 (1994).
13. J.H. Contois et al., *Clin. Chim. Acta*. **295** (1-2), 1-12 (2000).
14. M.I. Kamboh, M. Rewers, C.E. Aston and R.F. Hamman, *Am. J. Epidemiol*. **146** (12), 1011-8 (1997).
15. P.S. Bachorik, K.L. Lovejoy, M.D. Carroll and C.L. Johnson, *Clin. Chem.* **43**(12), 2364-78 (1997).
16. J.E. Ferguson et al., *Ethn. Dis*. **7**(3), 250-8 (1997).
17. I. Junger, S.M. Marcovina, G. Waldius, I. Holme, W. Kolar and E. Steiner, *Clin. Chem*. **44** (8 Pt 1), 1641-9 (1998).
18. J. Steinmetz, P. Tarallo, B. Fournier, E. Caces and G. Siest, *Eur. J. Clin. Chem. Clin. Biochem*. **33**(6), 37-42 (1995).
19. A. Leino, O. Impivaara, M. Kaitsaari and J. Jarvisalo, *Clin. Chem*. **41**(11), 1633-6 (1995).
20. J. Steinmetz et al., *Ann. Biol. Clin*. **55** (5), 451-4 (1997).
21. C. Labeur, J. Shepherd and M. Rosseneu, *Clin. Chem.* **36** (4), 591-597 (1990).
22. H.A. Solberg, *J. Clin. Chem. Clin. Biochem*. **25** (9), 645-656 (1987).
23. E.J. Brunner et al., *Atherosclerosis* **102** (2), 195-207 (1993).
24. J.H. Contois et al., *Clin. Chem*. **42**(4), 489-91 (1996).

Summary

Reference intervals of Apo A-1 , Apo B and Apo B/Apo A-1 ratio in sample of macedonian population

Svetlana Cekovska, Sonja Alabakovska, Katerina Tosheska, Danica Labudovic, Bojana Todorova

Institute of medical and experimental biochemistry, Medical Faculty, Skopje, Macedonia

Key words: Apo A-1, Apo B, Apo B/Apo A-1 ratio, immunoturbidimetric assay, reference intervals.

The disorders of serum concentration of Apolipoproteins A-1 and B (Apo A-1 and Apo B), as well as of Apolipoprotein B/Apoliporotein A-1 ratio (Apo B/ Apo A-1) are considered to be independent risk factors for coronary heart disease. It is recommended that each laboratory should asign its own reference intervals for Apo A-1 and Apo B, as well as for Apo B/Apo A-1 ratio, as these depend on the geographical location. For this purpose we determined the serum concentration of Apo A-1 and Apo B and we calculated the Apo B/Apo A-1 ratio in 122 healthy individuals from Macedonian population (70 women and 52 men), aged 18-60 years. We used commercial, standardized manual immunoturbidimetric assay (Randox).

The obtained concentrations (x ± SD) were: Apo A-1 = 1.39 ± 0.28 g/l in the female population and 1.42 ± 0.27 g/l in the male population, Apo B = 0.95 ± 0.24 g/l in the female and 1.00 ± 0.23 g/l in the male population. The calculated Apo B/Apo A-1 ratio was 0.70 ± 0.17 in the female subgroup and 0.72 ± 0.18 in the male subgroup. Student's t-test detected no significant difference ($p>0.05$) in mean values for Apolipoproteins A-1 and B and for Apo B/Apo A-1 ratio between female and male subgroups, which lead to the conclusion that division according to sex is not necessary from diagnostic point of view. The Apo A-1 and Apo B concentrations estimated for the mixed group (N=122) were 1.40 ± 0.28 g/l and 0.97 ± 0.23 g/l. The Apo B/Apo A-1 ratio estimated for whole group was 0.71 ± 0.17.

The type of distribution of values for Apo A-1, Apo B and Apo B/A-1 ratio was tested by calculating the values of coefficient of asymetry (Skewness), coefficient of flatness (Kurtosis) and standard deviations of these coefficients. The distribution of values was according to Gaussian curve for all three parameters. Therefore, according to the normal distribution reference intervals for Apo A-1, Apo B and Apo B/Apo A-1 ratio was estimated parametrically (mean ± 2 standard deviations).

Reference intervals for Apo A-1 were 0.84 - 1.96 g/l, 0.51 - 1.43 g/l for Apo B and 0.37- 1.05 for Apo B/Apo A-1 ratio.

Македонски фармацевтски билтен, **47** (1,2) 43-50 (2001)
ISSN 1409 - 8695
UDK: 615.014.8 : 678.743

Стручен труд

Параметри за процена на квалитетот на полиетиленска и на полипропиленска амбалажа и на гумени затворачи наменети за фармацевтски препарати

Лилјана Угринова[1], Анета Димитровска[1]*, Сузана Трајковиќ-Јолевска[1], Тодор Гаврилов[2]

[1]*Институт за испитување и контрола на лекови, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Водњанска 17, 1000 Скопје, Македонија;* [2]*ОХИС А.Д., 1000 Скопје, Македонија*

Примен март 2001, прифатен март 2002

Апстракт

Направен е преглед на параметрите за процена на квалитетот на полиетиленска и на полипропиленска амбалажа и на гумени затворачи наменети за фармацевтски препарати. За процена на квалитетот на испитуваниот материјал беа извршени физички, хемиски и биолошки испитувања според постапките дадени во Ph. Eur., DIN и според DIN ISO стандардите. Барањата за квалитет на овој вид амбалажа пропишани според Ph. Eur., DIN и DIN ISO стандардите се разликуваат во однос на предвидените параметри за физички, за хемиски и за биолошки испитувања. Исто така, пропишани се и различни граници на дозволено отстапување на одделни параметри.

Клучни зборови: полиетиленска и полипропиленска амбалажа; гумени затворачи; фармацевтски препарати, процена на квалитет

Вовед

Европската фармакопеа (1) пластичната амбалажа наменета за фармацевтски препарати ја дефинира како пластичен производ што содржи или треба да содржи фармацевтски препарат и е или може да биде во директен контакт со него. Затворачот е дел од амбалажата.

Материјалот од кој е направена пластичната амбалажа за фармацевтска употреба, во својот состав не смее да содржи супстанции што можат да бидат екстрахирани од содржината на амбалажата во количина што може да ја промени ефикасноста и стабилноста на фармацевтскиот препарат или да ја зголеми неговата токсичност. Одржувањето на квалитетот на лекот во голем дел зависи и од квалитетот на затворачот и од начинот на затворање.

Полиетиленот (PE) со ниска и со висока густина и полипропиленот (PP) главно се користат за производство на шишиња наменети за амбалажа за водени раствори за интравенски инфузии. Тие се лесни, флексибилни, некршливи, хемиски инертни, не содржат пластификатори, содржат мал број адитиви и не се потполно транспарентни (2).

Гумените затворачи како дел од амбалажата наменета за водени препарати за парентерална употреба, според Европската фармакопеа, се изработуваат од материјали добиени по пат на вулканизација на макромолекуларни органски супстанции (еластомери) со примена на соодветни адитиви. Еластомерите се произведуваат од природни или од синтетски супстанции по пат на полимеризација, полиадиција или поликондензација (1, 3).

Целта на оваа студија е да се изврши процена на квалитетот на PE и на PP шишиња за водени раствори за интравенски инфузии, како и на гумените затворачи преку избор на параметри групирани во физички, во хемиски и во биолошки испитувања и да се направи преглед и споредба на параметрите предвидени за испитување и контрола на овој вид амбалажа, пропишани во Ph. Eur., DIN и со DIN ISO стандардите.

* e-mail: aneta.dimitrovska@baba.ff.ukim.edu.mk
tel.: 126 024; faks: 123 054

Експериментален дел

Материјал

– полиетиленско (PE) шише за водени раствори за интравенски инфузии (500 ml), (примерок бр. 1);
– полипропиленско (PP) шише за водени раствори за интравенски инфузии (500 ml), (примерок бр. 2);
– гумени затворачи од природна гума за полиетиленско (PE) шише за водени раствори за интравенски инфузии (500 ml), (примерок бр. 3) и
– гумени затворачи од природна гума за полипропиленско (PP) шише за водени раствори за интравенски инфузии (500 ml), (примерок бр. 4).

Методи

За процена на квалитетот на испитуваниот материјал беа извршени физички, хемиски и биолошки испитувања според постапките дадени во:

– Ph. Eur. 3;
– DIN 53 363-15 - Infusion bags and bottles made of plastic (примерок бр. 1, 2);
– DIN ISO 8871- Elastomeric parts for aqueous parenteral preparations (оваа норма го содржи DIN 58 367 T1/T2) (примерок бр. 3, 4).

Подготовката на пробните раствори и на слепите проби за хемиските и за биолошките испитувања беше вршена според постапката дадена во Ph. Eur. (автоклавирање на: 100 °C, два часа со дестилирана вода за хемиските испитувања на примерок 1 и 2; 110 °C, 30 минути со стерилен, апироген 0,9 % раствор на NaCl за биолошките испитувања на примерок 1 и 2; 121 °C, 30 минути со дестилирана вода за хемиските испитувања на примерок 3 и 4).

Резултати и дискусија

Физички испитувања

Хемиската структура на полимерните молекули (молекулара маса, степен на кристалност, содржина на адитиви) ги определува физичките, хемиските и механичките својства на пластиката, како и отпорноста на температура.

Пропустливоста на пластичната амбалажа како физички параметар е функција од температурата и од дебелината на ѕидот. Со зголемување на температурата, пропустливоста се зголемува, а се намалува со зголемување на ѕидот на амбалажата. Производителите на различна пластична амбалажа наменета за фармацевтски препарати препорачуваат вредност за најмала дебелина на ѕидот на пластичното шише од 0,3 mm, со што со сигурност се обезбедува квалитетот на амбалажата во однос на пропустливоста за гасови, влага и микроорганизми. Добиените вредности за дебелината на ѕидот на пластичните шишиња наменети за амбалажа за водени раствори за интравенски инфузии се движат во дозволените граници пропишани од производителот и укажуваат на квалитетот на пластичната амбалажа. Транспарентноста на пластичната амбалажа за парентерални раствори е од голема важност. Таа треба да овозможи да се забележат сите органолептички промени на растворот, како и присуството на механички онечистувања од органско и од неорганско потекло. Испитуваната амбалажа одговара на параметарот транспарентност, како и на барањата за квалитет на останатите физички параметри пропишани во Ph. Eur. и DIN стандардот (Табела 1).

Резултатите од физичките испитувања на гумените затворачи се дадени во Табела 2. Тврдината на испитуваните гумените затворачи се движи во дозволените граници (45 ± 50 Shore A), пропишани во DIN ISO стандардот. Тврдина по Shore претставува отпор на гумата спрема игла со определено оптоварување. Тврдината е функција од составот на гумената формулација и од условите користени во процесот на производство и може да се искористи како показател кој укажува на степенот на вулканизација.

Испитуваните гумени затворачи за PE и за PP шише (примерок 3 и 4) одговараат и во однос на параметарот пенетрабилност (силата со која перпендикуларот со игла го прободува гумениот затворач не е поголема од 10 N), како и во однос на фрагментацијата, на самозатворањето и на отпорноста на стерилизација, пропишани во соодветните прописи.

Хемиски испитувања

Идентификацијата на основниот полимер, полиетилен и полипропилен, како и на еластомерот во гумените затворачи беше извршена со примена на IR спектроскопија во споредба со соодветните референтни IR спектри (4). Во гумените затворачи за PE и за PP шише наменети за водени раствори за интравенски инфузии утврдено е присуство на еластомер од полиизопренски тип.

Добиените вредности од хемиските испитувања на PE и на PP примарна амбалажа, како и на гумените затво-

Табела 1. Резултати од физичките испитувања на PE и на PP шише за водени раствори за интравенски инфузии

Испитувани параметри	Резултати		Користени стандарди и дозволени лимити	
	Примерок 1 (PE)	Примерок 2 (PP)	Ph. Eur.	DIN 58363-15
Отпорност на температура, притисок и заталеност	одговара^{DIN}	одговара^{DIN}	/*	- 25 ^{0}C до 50 ^{0}C за време од 24 h; внатрешен притисок: 20 kPa за 10 min.
Отпорност при паѓање	одговара^{DIN}	одговара^{DIN}	/*	Пад од 2 m на цврста подлога
Пропустливост на водена пареа	одговара^{DIN}	одговара^{DIN}	/*	T = 20 ± 5 ^{0}C RH ≤ 60 % за 21 ден; загуба на маса: најмногу 5 % за време на рокот на употреба на препаратот
Транспарентност	одговара Ph.Eur.	одговара^{DIN}	Примарна опалесцен. суспензија (1 во 200)	Примарна опалесцентна суспензија (1 во 100)
Прицврстување на инфузионо шише	одговара^{DIN}	одговара^{DIN}	/*	Делот наменет за прицврстување на шишето треба да издржи сила од 25 N за време од 60 min
Етикетирање	одговара^{DIN}	одговара^{DIN}	/*	Етикетата треба да остане јасно читлива и не смее да се одлепи ако инфузионото шише се потопи во вода за време од 24 h на T= 20 ± 1 ^{0}C
Изглед	одговара	одговара	Интерна спецификација	
Димензии	одговара	одговара	Интерна спецификација	
Маса на празно шише	28 g (дозв. од 27-29 g)	30,5 g (дозв. од 28,5-1,5g)	Интерна спецификација	
Дебелина на сидот (mm)	0,76 (дозв. мин. 0,3)	0,65 (дозв. од 0,35-0,90)	Интерна спецификација	

n = 6;
/*- параметарот не е пропишан за испитување

рачи (Табела 3 и 4) се движат во дозволените граници пропишани со соодветните спецификации за квалитет.

Барањата за квалитет на PE и на PP амбалажата, како и на гумените затворачи пропишани според Ph. Eur., DIN и ISO стандардите, се разликуваат во однос на одделни параметри предвидени за физичките и за хемиските испитувања. Исто така, пропишани се и различни граници на дозволено отстапување на одделни параметри.

Физичките испитувања на пластични шишиња за водени раствори за интравенски инфузии не се пропишани во барањето за квалитет регулирано со прописите на Ph. Eur. Од хемиските испитувања Ph. Eur. не пропишува испитување на присуство на тешки метали кај овој вид примарна пластична амбалажа за разлика од DIN и од DIN ISO стандардите кои пропишуваат испитување на те-

Табела 2. Резултати од физичките испитувања на гумени затворачи наменети за PE и за PP шише

Испитувани параметри	Резултати		Користени стандарди и дозволени лимити	
	Примерок 3 (PE)	Примерок 4 (PP)	Ph. Eur.	DIN ISO 8871
Тврдина ^{0} Shore A	43 DIN ISO	42 DIN ISO	/*	45± 5 ^{0} Shore A
Пенетрабилност (N)	3,2 Ph. Eur.	9,83 Ph. Eur.	Силата потребна да се продупчи затворачот со хиподермална игла со дијаметар од 0.8 mm, треба да изнесува најмногу до 10N	/*
Фрагментација	одговара Ph. Eur.	одговара Ph. Eur.	Најмногу 5 честички≤50 μm видливи со голо око	/*
Самозатворање	одговара Ph. Eur.	одговара Ph. Eur.	Создадените отвори, кога гумениот затворач се продупчува 10 пати со хиподермална игла со дијаметар 0,8 mm, треба потполно да се затворат	/*
Отпорност на стерилизација	одговара DIN ISO	одговара DIN ISO	/*	Затворачот не смее да ги промени своите физички, хемиски и биолошки својства, ако постапката на автоклав. (121 ^{0}C, 30 min) се повтори неколку пати
Изглед	одговара	одговара	Интерна спецификација	
Димензии	дијаметар: 29,0 mm висина: 5,0 mm (дозв. отст. ± 0,2 mm)	дијаметар: 30,0 mm висина: 5,0 mm (дозв. отст. ± 0,2 mm)	Интерна спецификација	

= 6;
- параметарот не е пропишан за испитување

шки метали изразени преку Pb^{2+} или нивно поединечно определување (AAS), на пример: Ba, Cr, Cu, Pb, Sn, Cd и Al за пластична амбалажа за водени раствори за интравенски инфузии. За разлика од Ph. Eur., DIN стандардот предвидува и испитување на механички онечистувања кај пластични шишиња за водени раствори за интравенски инфузии со точно пропишан број и големина на честичките. Границата за дозволено присуство на растворлив цинк како параметар од хемиските испитувања на гумените затворачи, според Ph. Eur. изнесува 5ppm, а според DIN ISO стандардот 3 ppm; дозволената максимална вредност на апсорбанцијата при хемиското испитување на гумените затворачи изнесува според Ph. Eur. 0,200, а според DIN ISO стандардот 0,800 итн.

Биолошки испитувања

Биолошките испитувања, покрај физичките и хемиските, претставуваат значаен показател за процена на квалитетот на примарната амбалажа наменета за фармацевтски препарати.

Испитуваната примарна амбалажа, пластични шишиња од PE и од PP за интравенски инфузии, е апирогена, нетоксична, не предизвикува хемолиза на еритроцитите и е непропустлива за микроорганизми.

За утврдување на присуството на пирогени мате-

Табела 3. Резултати од хемиските испитувања на PE и на PP шише за водени раствори за интравенски инфузии

Испитувани параметри	Резултати		Користени стандарди и дозволени лимити	
	Примерок 1 (PE)	Примерок 2 (PP)	Ph. Eur.	DIN 58363-15
Изглед на автоклаватот бистрина/боја	одговара$^{Ph.Eur}$	одговара$^{Ph.Eur}$	Безбоен и бистар раствор	Безбоен раствор, помалку заматен од пропишаната референтна суспензија
Ацидитет или алкалитет	одговара$^{Ph.Eur}$	одговара$^{Ph.Eur}$	max. 0,4 ml 0,01 mol/l NaOH или max. 0,8 ml 0,01 mol/l HCl /4 % од деклариран волумен	max. 0,8 ml 0,01 mol/l NaOH или max. 0,8 ml 0,01 mol/l HCl /20 ml
pH (4,0 -7,5) DIN 13098	6,53$^{DIN\ 13098}$	5,63$^{DIN\ 13098}$	/*	/*
Механички онечистувања	одговара^{DIN}	одговара^{DIN}	/*	Честички ≥ 2 μm: max. 200/ml Честички ≥ 5 μm: max. 20/ml
Апсорбанција 220 - 360 nm	0,024$^{Ph.Eur}$ (250 nm)	не окажува$^{Ph.Eur}$	max. 0,200	max. 0,250
Редуктивни материи (mlA- mlSl) 0,002 mol/L $KMnO_4$	0,35$^{Ph.Eur}$	0,65$^{Ph.Eur}$	max. 1,5 ml	max. 3,0 ml
Остаток по испарување (mg/100 ml)	0,13^{DIN}	0,72^{DIN}	/*	5,0 mg/100 ml
Тешки метали (ppm)	Pb: 0,00 Cr: 0,07 Sn: 0,01 Cu: 0,00 Hg: 0,00 ^{DIN}	Pb: 0,00 Cr: 0,08 Sn: 0,01 Cu: 0,01 Hg: 0,00 ^{DIN}	/*	1. Pb^{2+}: 1,6 ppm 2. AAS Ba, Cr, Cu, Pb: 1 ppm Sn, Cd: 0,1 ppm Al: 0,01 ppm

n = 6;
/*- параметарот не е пропишан за испитување

рии од немикробно потекло, кои најчесто потекнуваат од материјалот за амбалажа, е предвиден пирогениот тест (5). Пластичните маси се инертни и не покажуваат токсичен ефект ако полимеризацијата на мономерот е потполна. Доколку крајниот продукт не е добро прочистен може да содржи појдовна супстанција или додадени адитиви кои хемиски не се врзале за полимерот. Мономерите, пластификаторите, стабилизаторите, катализаторите, полнителите и други адитиви, како молекули со мала молекуларна маса, може лесно да мигрираат во растворот и да предизвикаат токсичен ефект. Причина за токсичност може да биде и лепакот и печатарските бои од етикетата, ако мигрираат во растворот. Покрај мономерот и адитивите и присуството на калајот како онечистување може да доведе до хемолиза на еритроцитите (6). Од овие причини, за процена на квалитетот на пластичната амбалажа се изведуваат тестот на абнормална токсичност и тестот на хемолиза. Пластичната амбалажа не смее да биде пропустлива за микроорганизми. Продорот на микроорганизми се спречува преку соодветна заталеност и дебелина на ѕидот на пластичната амбалажа. Параметарот пропустливост на микроорганизми беше испитуван со примена на тест микроорганизмот Bacillus subtilis вариетет Niger NCTC 10073.

Во прописите на Ph. Eur. не се пропишани биолошките испитувања за процена на квалитетот на пластични шишиња за водени раствори за интравенски инфузии, за разлика од DIN стандардот.

Заклучок

Барањата за квалитет на PE и на PP амбалажа наменета за фармацевтски препарати и на гумените зат-

Табела 4. Резултати од хемиските испитувања на гумени затворачи наменети за PE и за PP шише

Испитувани параметри	Резултати		Користени дозволени стандарди и лимити	
	Примерок 3 (PE)	Примерок 4 (PP)	Ph. Eur.	DIN ISO 8871
Изглед на автоклаватот	одговара[Ph.Eur]	одговара[Ph.Eur]	Бистрина: референтна суспензија II. Боја: референтен раствор GY_5	Бистрина: референтна суспензија II. Боја: референтен раствор GY_5
Ацидитет или алкалитет	одговара[Ph.Eur]	одговара[Ph.Eur]	max. 0,3 ml 0,01 mol/L NaOH или max. 0,8 ml 0,01 mol/L HCl /20 ml	max. 0,5 ml 0,01 mol/L NaOH или max. 0,5 ml 0,01 mol/L HCl /20 ml
Апсорбанција 220 - 360 nm	0,05[Ph.Eur] (272 nm)	0,08[Ph.Eur] (272 nm)	max. 0,200	max. 0,800
Редуктивни материи (mlA- mlSl) 0,002 mol/L $KMnO_4$	1,7[Ph.Eur]	1,9[Ph.Eur]	max. 3,0 ml/20 ml	max. 3,0 ml/20 ml
NH_4^+ (ppm)	одговара[Ph.Eur]	одговара[Ph.Eur]	2 ppm	2 ppm
Cl^- (ppm)	одговара[DIN ISO]	одговара[DIN ISO]	/*	4 ppm
Остаток по испарување (mg/50 ml)	0,17[Ph.Eur]	0,12[Ph.Eur]	2,0 mg/50 ml	2,0 mg/50 ml
Испарливи сулфиди (mg Na_2S/ 20 cm^2)	одговара[Ph.Eur]	одговара[Ph.Eur]	max. 0,05 mg	max. 0,05 mg
Растворлив цинк (ppm)	1,16 [Ph.Eur]	1,16 [Ph.Eur]	5 ppm	3 ppm
Тешки метали (ppm)	Pb: 0,00 Cd: 0,00 (DIN 58367/2)	Pb: 0,00 Cd: 0,01 (DIN 58367/2)	Pb^{2+}: 2 ppm	Cd: 1 ppm (DIN ISO 8871) Pb: 1 ppm (DIN 58367/2)

n = 6; /*- параметарот не е пропишан за испитување

ворачи се регулирани со прописите на Ph. Eur., DIN и ISO стандардите. За целосна процена на квалитетот на овој вид амбалажа, спецификацијата за квалитет треба да ги обедини параметрите дадени во Ph. Eur., DIN и DIN ISO стандардите, како и да ги усогласи границите на дозволеното отстапување на одделни параметри.

Литература

1. *European Pharmacopoeia*, 3rd Edition, Council of Europe, Strasbourg, 1997
2. A. Kenneth, L. Herbert, L. Leon, P*harmaceutical Dosage Form: Parenteral Medications*, Part 10: Use of Plastics for parenteral packaging, 2nd edition, Marcel Dekker, Inc., New York, 1992, pp 393- 433.
3. A. Kenneth, L. Herbert, L. Leon, *Pharmaceutical Dosage Form: Parenteral Medications*, Part 11: Elastomeric Closures for Parenterals, 2nd edition, Marcel Dekker, Inc., New York, 1992, pp 464 - 471.
4. Hummel/Scholl, *Infrared Analysis of Polimers, Resins and Additives An Atlas, Wiley-interscience*, A Division of John Wiley & Sons, Inc., New York, London, Toronto, 1969.
5. K. Richter, W. D. Grahlow and R. Wigert, *Acta Biol. med. Ger*., **39**: 2-3, 277-280 (1980).
6. *Remington: The Science and Practice of Pharmacy*, Chapter 85: Plastic Packaging materials, 19th edition, MackPublishing company, Easton, Pennsylvania, 1995, pp 1487 - 1493.

Табела 5. Резултати од биолошките испитувања на PE и на PP шише наменети за водени раствори за интравенски инфузии

примерок бр.	пироген тест DIN	тест на абнормална токсичност DIN	пропустливост на микроорганизми DIN	хемолиза (%) DIN (дозв. најмногу 10%)					
				I кивета	контролна кивета I	Δ%	II кивета	контролна кивета II	Δ %
1	одговара	одговара	одговара	10,52	17,36	6,84	57,14	60,81	3,66
2	одговара	одговара	одговара	12,43	17,36	4,93	53,52	60,81	7,2

Користени стандард			
DIN 58363-15	Ph. Eur.		
Најмногу 10% хемолиза	/*	Тест на хемолиза	
Амбалажата треба да биде апирогена	/*	Пироген тест	
Амбалажата треба да биде нетоксична	/*	Тест на абнормална токсичност	
Амбалажата не треба да биде пропустлива за микроорганизми	/*	Пропустливост на микроорганизми	
Амбалажата не смее да предизвика промени на клетката	/*	Цитотоксичност	

/* - параметарот не е предвиден за испитување во соодветниот пропис

Summary

Parameters for the evaluation of the quality of polyethylene andpolypropiylene containers and rubber stoppers for pharmaceutical preparations

Liljana Ugrinova[1], Aneta Dimitrovska[1], Suzana Trajkovic-Jolevska[1], Todor Gavrilov[2]

[1]*Institute of Drug Quality Control, Faculty of Pharmacy, Sts. Cyril and Methodius University, Vodnjanska 17, 1000 Skopje, Macedonia*
[2]*OHIS A.D., 1000 Skopje, Macedonia*

Key words: polyethylene and polypropylene containers, rubber stoppers, pharmaceutical preparations, evaluation of the quality

An overview of the parameters for the evaluation of the quality of polyethylene (PE) and polypropylene (PP) containers and rubber stoppers for pharmaceutical preparations is made. For the evaluation of the quality of the material in question, physical, chemical and biological examination were conducted according to the steps outlined in Ph. Eur., DIN and DIN ISO standards. The requirements for the quality of the PE and PP containers and rubber stoppers regulated by Ph. Eur., DIN and ISO standards differ in the required parameters for physical, chemical and biological examination. There also exist different ranges of tolerance for certain parameters.

IN MEMORIAM

м-р фарм. РАДМИЛА БОЈКОВСКА

Со голема почит и љубов се сеќаваме на нашата колешка Радмила.

М-р Радмила Бојковска е родена 1922 година во Куманово. Основното и средното (гимназиско) образование ги завршила во Куманово, а Фармацевтскиот факултет во Белград, Југославија. По дипломирањето, како високостручен кадар била распределена да работи во Гевгелија и да ја организира аптекарската служба во градот и во околината. Подоцна работела во Градскиот хигиенски завод-Скопје. Стручно се усовршила завршувајќи ја специјализацијата од подрачјето на хигиената на исхраната.

Како вреден и совесен работник со високи човечки и морални квалитети, во својот работен век работела на повеќе стручни и одговорни функции: главен санитарен инспектор на градот Скопје, главен републички санитарен инспектор и др. Со посебен интерес и љубов кон струката, м-р. Бојковска ги извршуваше задачите кои се однесуваа на состојбата со квалитетот на лековите и на лековитите суровини и ги следеше сите современи трендови во фармацијата во целост.

М-р Бојковска редовно ги следеше и ги посетуваше сите стручни фармацевтски манифестации и во рамките на своите можности придонесуваше за развојот на фармацевтската струка во Македонија. Беше редовен учесник на годишните средби на Македонското фармацевтско друштво.

За своите работни залагања има добиено голем број пофалници и признанија и остави сеќавања за почит.

м-р фарм. Надежда Келкоцева

УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

Македонскиот фармацевтски билтен е официјално гласило на Македонското фармацевтско друштво. Во списанието се објавуваат оригинални научни трудови, куси соопштенија, ревијални трудови и стручни трудови од сите фармацевтски дисциплини и сродни подрачја на работа кои се од интерес за фармацијата (фармацевтска и медицинска хемија, имунологија со имунохемија, молекуларна биологија, фармацевтски анализи, контрола на лекови, фармацевтска технологија, фармакоинформатика, биофармација, фармакологија, применета ботаника, фармакогнозија, токсикологија, клиничка фармација, храна и исхрана, физичка фармација, органски синтези, социјална фармација, историја на фармација и др.).

Во Македонскиот фармацевтски билтен се објавуваат и други прилози (пораки и соопштенија, извештаи и календари на научни и на стручни манифестации во земјата и во странство, прегледи на книги). Составен дел на Билтенот се и разни рубрики.

Оригиналните научни трудови ги содржат резултатите на сопствени, дотогаш необјавени научни истражувања кои претставуваат заокружена целина, а даваат придонес кон развојот на соодветната научна област. Бројот на страниците (заедно со сликите и со табелите) не треба да биде поголем од 15.

Кусите соопштенија содржат резултати од научни истражувања презентирани во помал обем, чиј број на страници не треба да биде поголем од пет (дозволени се една табела и една слика).

Прегледите се пишуваат на покана од Уредувачкиот одбор, а претставуваат поопширен приказ на истражувањата и сознанијата на повеќе автори во определена научна област, за која компентноста на авторот на прегледот е потврдена преку неговите објавени истражувања.

Стручните трудови известуваат за корисни резултати кои овозможуваат податоците од оригиналните научни истражувања да бидат применети во практичната работа. Стручните трудови можат да се темелат и на обработка на теоретски податоци. Бројот на страниците (заедно со сликите и со табелите) не треба да биде поголем од 10.

Оригиналните научни трудови, кусите соопштенија и прегледите треба да бидат напишани на англиски јазик, додека стручните трудови и сите останати прилози можат да бидат напишани и на македонски јазик.

Прифаќањето на трудовите за печатење во Билтенот ги обврзува авторите истите резултати да не ги објавуваат во друго списание.

Подготовка на ракопис:

Ракописите треба да се достават во три примероци испечатени на компјутерски печатач, едностранo со проред од 1,5 со маргина од 3,0 cm од секоја страна, на хартија со формат А4 на адреса на главниот уредник:

Доц. д-р Светлана Кулеванова
Фармацевтски факултет,
Водњанска 17, 1000 Скопје,
Република Македонија

Страниците и прилозите треба да бидат нумерирани.

При подготвување на ракописот за печатење треба да се води сметка тој да биде максимално концизен, без непотребни повторувања.

При пишување на ракописот задолжителна е употреба на следните единици за: должина (m, cm, mm, mm, nm, Å); маса (kg, g, mg, mg, ng, pg); волумен (l, ml, ml); време (s, min, h, d); температура (^oC, K); радијација (Bq, Ci, dpm, Gy, rad): концентрација (M, mol/l, N, mg/ml, %, %(v/v), %(w/v), ppm).

Имињата на супстанциите треба да се во согласност со препораките и правилата дадени од IUPAC или, ако такви не постојат, според практиката на Chemical Abstracts.

Табелите и сликите (фотографии, дијаграми и скици), како и структурните формули треба да бидат дадени секоја на одделен лист (во текстот да е обележано нивното место). Табелите и сликите се нумерираат со арапски бројки (на пр. Табела 1., Сл.1).

Ракописот треба да содржи: наслов, апстракт, клучни зборови, вовед, експериментален дел, резултати и дискусија, заклучок, благодарност (по потреба), литература и резиме.

На **насловната страница** треба да стои насловот на ракописот. Во посебни редови треба да стои полно име и презиме на авторите, назив и адреса на институцијата на авторите. Кога авторите потекнуваат од повеќе различни институции треба да се означи потеклото на секој автор со ^{1,2,3}.... на крајот од неговото име. Со ѕвездичка треба да биде означено името на авторот за коресподенција. Во долниот лев агол од насловната страница се наведува неговата e-mail адреса, телефонскиот број и број на факс.

Апстрактот треба да биде до 250 збора (научни и стручни трудови), односно до 100 збора (куси соопштенија), а треба да ги содржи целта на работата, методологијата и позначајните резултати. Во продолжение треба да бидат застапени три до шест клучни збора распоредени според редоследот на важност.

Во **воведниот дел** треба накусо да се наведат само најважните податоци од поранешните истражувања поврзани со обработуваната проблематика и да се објасни целта и важноста на работата.

Експерименталниот дел треба да биде издвоен и да содржи податоци за употребуваните материјали и опис на применетите методи на начин што ќе овозможи репродуцирање на постапката, но без детално опишување на веќе познатото.

Трудовите што се однесуваат на теоретски истражувања, наместо експериментален дел треба да имаат соодветно поглавје со поднаслови во кое ќе бидат изнесени подробности неопходни за проверка на презентираните резултати.

Резултатите и дискусијата треба да бидат дадени во едно поглавје. Дискусијата треба да содржи анализа на резултатите и на заклучоците што притоа можат да се извлечат.

Заклучокот што произлегува од изложените резултати и дискусија се издвојува во посебно поглавје.

Литературата се наведува во посебно поглавје, при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој се појавуваат во текстот. Ако во текстот се спомнуваат автори, се наведуваат само презимињата на авторите (ако ги има еден или два), а во случај на повеќе автори се пишува, на пример, *Vetter et al.* (1).

Статии од научни списанија се цитираат на овој начин:

1. P. Premov and D. Dulanov, *Maced. Pharm. Bull.*, **20**, 2-10 (2000).

Кратенките на списанијата се наведуваат според *Chemical Abstracts.*

Книги се цитираат на овој начин:

2. A. Robert, M. Sporn, *Progress in Organic Chemistry,* 3rd ed., Butterworths Scientific Publications, London, 1998, pp 125-154.

Книги со уредник:

3. J. Cook, in *The retinoids,* P. Cornwell, Ed., Academic Press, Orlando, 1996, pp 25-29.

Трудовите напишани на англиски јазик на крајот треба да содржат **резиме** на македонски јазик. Резимето треба да содржи наслов, полно име и презиме на авторот/авторите, назив на институцијата на авторот/авторите, клучни зборови и текстот на апстрактот. Стручните трудови напишани на македонски јазик на крајот треба да содржат резиме напишано на англиски јазик во кое треба да се вклучени истите податоци.

Примените ракописи Уредувачкиот одбор ги испраќа на рецензирање. Рецензираните трудови, заедно со евентуалните забелешки и мислења на Уредувачкиот одбор, се доставуваат до авторите. Тие се должни најдоцна во рок од 30 дена да ги извршат неопходните корекции и финалната верзија на ракописот да ја достават до Уредувачкиот одбор во печатена форма и задолжително и на *PC* форматирана дискета **(Word; Times New Roman, Mac C Times, Macedonian Times** и големина на букви **11).**

Авторите добиваат 20 бесплатни сепарати од секој труд објавен во Билтенот.

INSTRUCTIONS FOR AUTHORS

Macedonian Pharmaceutical Bulletin is an official publication of the Macedonian Pharmaceutical Association. The journal publishes original scientific papers, short communications, reviews and professional papers from all fields of pharmacy and corresponding scientific fields of interest for pharmacy (pharmaceutical and medicinal chemistry, immunology and imunochemistry, molecular biology, pharmaceutical analyses, drug quality control, pharmaceutical technology, pharmacoinformatics, biopharmacy, pharmacology, applied botany, pharmacognosy, toxicology, clinical pharmacy, food and nutrition, physical pharmacy, organical synthesis, social pharmacy, history of pharmacy etc.).

The Macedonian Pharmaceutical Bulletin, also, publishes and other contributions (recommendations and announcements, reports of meetings, important events and dates, book reviews, various rubrics).

Original scientific papers should contain own unpublished results of completed original scientific research. The number of pages (including tables and figures) should not exceed 15.

Short communications also should contain completed but briefly presented results of original scientific research. The number of pages should not exceed 5 (including one table and one figure).

Reviews are written at the invitation of the Editorial Board. They should be surveys of the investigations and knowledge of several authors in a given research area, the competency of the authors of the reviews being assured by their own published results.

Professional papers report on useful practical results which are not original but help the results of the original scientific research to be adopted into practical use. Professional papers might be based on the elaborating of theoretical data. The number of pages should not exceed 10 (including tables and figures).

Original scientific papers, short communications and reviews should be written in

English, while professional papers and all other contributions may be submitted in Macedonian.

Acceptance for publication in the Bulletin obliges the authors not to publish the same results elsewhere.

Preparation of manuscripts:

Manuscripts should be submitted in triplicate, typed (1 ½ spaced) on A4 paper with margins of 3.0 cm on each side. It is recommended the manuscript be sent on the Editor-in-Chief address's:

Prof. dr. Svetlana Kulevanova
Faculty of Pharmacy
Vodnjanska 17
1000 Skopje
Republic of Macedonia

The pages and appendices should be numbered.

The papers should be written in the shortest possible way and without unnecessary repetition.

Obligatorily, only the follow quantities and units must be used: length (m, cm, mm, mm, nm, Å); weight (kg, g mg, mg, ng, pg); volume (l, ml, ml); time (s, min, h, d); temperature (oC, K); radiation (Bq, Ci, dpm, Gy, rad); concentration (M, mol/l, N, mg/ml, %, %(v/v), %(w/v), ppm).

The names of substances should be in accordance with the IUPAC recommendations and rules or Chemical Abstracts practice.

Figures (photographs, diagrams and sketches) and structural formulae should each be given on a separate sheet (the place to which they belong in the text should be indicated). The tables and the figures should be numbered in Arabic numerals (e.g. Table 1, Fig. 1).

Manuscript should contain: title, abstract, key words, introduction, experimental, results and discussion, conclusion, acknowledgment (if desired) references and summary.

Papers should be preceded by a title page comprising: the title, the complete name(s) of the authors, and the author's affiliations (institution and address). When the authors affiliated from various different institutions the origin of the each author should be indicated with 1,2,3... at the end of his name. The correspodence author should be indicated with * and his e-mail address, telephone and fax number to be supplied in the bottom left part of the title page.

Each paper must begin with an Abstract which should not exceed more than 250 (original scientific and professional papers) or 100 (short communications) words. The abstract should include the aim of the research, methods and the most important results. A list of 3 to 6 key words arranged in the order according to their importance should follow the abstract.

In the introduction only the most important previous results related to the problem in hand should be briefly reviewed and the aim and the importance of the research should be stated.

The experimental section should be written as a separate section and should contain a description of the materials used and methods employed in form which makes the results reproducible, but without detailed description of already known methods.

Manuscripts which are related to theoretical studies, instead of experimental, should contain a sub-heading and the theoretical background where the necessary details for verifying the results obtained should be stated.

It is often advantageous to combine Results and Discussion in one section. The discussion should contain an analysis of the results and the conclusions that can be drawn.

Conclusion which is in consequence from the presented results and discussion should be given in the separate section.

The list of references should only include works that are cited in the text and that have been published or accepted for publication. References should be numbered in the order in which they appear in the text and listed in numerical order in the reference list.

The surname of one or two authors may be given in the text, whereas in the case of more than two authors they should be quoted as, for example *Vetter et al.* (1).

Papers from scientific journals should be cited as follows:

1. P. Premov and D. Dulanov, *Maced. Pharm. Bull.* **20**, 2-10 (2000).

The names of journals should be abbreviated as in Chemical Abstracts.

Books should be cited as follows:

2. A. Robert, M. Sporn, *Progress in Organic Chemistry*, 3 rd ed., Butterworths Scientific Publications, London, 1998, pp 125-154.

Books with editor:

3. J. Cook, in *The retinoids,* P. Cornwell, Ed., Academic Press, Orlando, 1996, pp 25-29.

Manuscripts written in English should contain a summary in Macedonian at the end of the paper. The summary should contain: title, author(s) full-name(s), surname(s), author's affiliations (institution and address), key words and abstract. Professional papers written in Macedonian should contain a summary in English in which the same data should be included.

Papers received by the Editorial Board are sent to referees. The suggestions of the referees and Editorial Board are sent to the author(s) for further action. The corrected text should be returned to the Editorial Board as soon as possible but in not more than 30 days in a hard copy form and obligatorily on the PC formatted disk (**Word; font Times New Roman, Mac C Times, Macedonian Times** and size **11**).

Twenty reprints of each paper are supplied free of charge to the author(s).